Врз основа на член 384 став 2 точка 1, а во врска со член 408 став 1 точка 11 и член 480 од Законот за трговските друштва, член 39 став 7 и став 8 од Правилата за котација на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје, член 2 став 1 точка 2 од Правилникот за содржината на редовните известувања кои друштвата за осигурување и/или реосигурување и други лица ги доставуваат до Агенцијата за супервизија на осигурување согласно Законот за супервизија на осигурување, член 20 И член 50 од Статутот бр.0201-4027/8-1 од 28.04.2017 година на **Акционерското друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп** (во понатамошен текст: Друштвото), а во врска со точка 1, точка 2, точка 3 и точка 4 од работниот дел на дневниот ред на Јавниот повик за свикување на Годишно собрание за деловната 2017 година бр.02-2535/3-1 од 22.03.2018 година, акционерите на Друштвото на **Годишното собрание на Друштвото за деловната 2017 година** одржано на ден на **27.04.2018 година**, ја усвоија следната:

# ОДЛУКА

**за усвојување на финансиските извештаи, годишната сметка, годишниот извештај за работење и извештајот на овластениот надворешен ревизор за извршената ревизија за деловната 2016 година**

1. Се усвојуваат **Финансиските извештаи на Друштвото за деловната 2017 година**, за кои е добиено позитивно ревизорско мислење од страна на овластениот надворешен ревизор и позитивно мислење од страна на Надзорниот одбор на Друштвото.
2. Се усвојува **Годишната сметка на Друштвото за деловната 2017 година** за која е добиено позитивно ревизорско мислење и позитивно мислење од страна на Надзорниот одбор на Друштвото, и се утврдува дека на основа на Билансот на сеопфатна добивка во деловната 2017 година се остварени следните финансиски резултати:

| | МКД |
|---|---|
| – вкупно приходи | **820.259.362,00 МКД** |
| – вкупно расходи | **713.147.811,00 МКД** |
| – добивка пред оданочување | **107.111.551,00 МКД** |

3. По пресметаниот данок на добивка за деловната 2016 година, утврдено е:

| | МКД |
|---|---|
| – Данок на добивка, односно загуба | **11.407.522,00 МКД** |
| – Вкупна добивка по оданочување | **95.704.029,00 МКД** |

4. Се усвојува **Годишниот извештај за работењето на Друштвото за деловната 2017 година**, со вклучени актуарски извештај и актуарска потврда изготвени од страна на овластениот актуар на Друштвото, за кои е добиено позитивно ревизорско мислење и позитивно мислење од страна на Надзорниот одбор на Друштвото, во текст и содржина, кои се составен дел на оваа Одлука.
5. Се усвојува **Извештајот за извршената ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи за деловната 2017 година** од овластениот ревизор Друштво за ревизорски услуги КПМГ Македонија ДОО Скопје, за кој е добиено позитивно мислење од страна на Надзорниот одбор на Друштвото.

Предлог одлука

ул. 11 Октомври бр. 25, П. фах: 27, 1000 Скопје
Република Македонија
Телефон: +389 (0)2 3115 188
Факс: +389 (0)2 3137 154
e-mail: info@insumak.mk

6. Годишниот извештај од став 4, Актуарскиот извештај и потврда од став 4, како и Извештајот за извршената ревизија и финансиските извештаи за деловната 2017 година од став 5 на оваа Одлука, преставуваат составен дел на оваа Одлука.
7. Оваа Одлука ќе се објави на официјалната интернет страница на Друштвото и на СЕИ НЕТ системот на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје.
8. Оваа Одлука ќе се достави до Агенцијата за супервизија на осигурување.
9. Оваа Одлука стапува на сила на денот на донесувањето.

**ГОДИШНО СОБРАНИЕ**
**Претседавач**

_______________________________

Предлог одлука